Република Северна Македонија
Министерство за финансии

МФРСМ.Ф.8.5/9-2



# КРАТКОРОЧНИ ЕКОНОМСКИ ДВИЖЕЊА

ноември, 2019 година

## СОДРЖИНА

Резиме ..... 2

1. Реален сектор

Индустриско производство ..... 3

Број на работници во индустријата ..... 4

Деловни тенденции во преработувачката индустрија ..... 5

Број на издадени одобренија за градење и предвидена вредност на објектите ..... 6

Инфлација ..... 6

Берзански цени ..... 7

2. Надворешнотрговска размена

Извоз ..... 9

Увоз ..... 10

Салдо на трговска размена ..... 11

Валутна структура ..... 11

3. Фискален сектор

Буџетски приходи според економската класификација ..... 12

Приходи по буџетски корисници ..... 13

Буџетски расходи според економската класификација ..... 15

Расходи по буџетски корисници ..... 16

Буџетско салдо.. ..... 18

4. Социјален сектор

Новвработени и регистрирани невработени лица во АВРСМ ..... 18

Плати ..... 19

Пензии ..... 20

5. Монетарен и финансиски сектор

Примарни пари ..... 21

Депозитен потенцијал ..... 21

Кредити на банките ..... 22

Каматни стапки на депозитни банки ..... 23

Пазар на капитал ..... 23

Девизни резерви ..... 24



Министерство за финансии
Република Северна Македонија
Ул. „Даме Груев“ бр. 12, Скопје
Република Северна Македонија
+389 2 3255 597
www.finance.gov.mk

MQS Partner of Quality Austria
Сертифициран систем според ISO 9001:2015 Бр. Q-13700/0

# Р Е З И М Е

## НА НАЈВАЖНИТЕ КРАТКОРОЧНИ ЕКОНОМСКИ ДВИЖЕЊА

ноември, 2019 година

- Индустриското производство во ноември 2019 година забележа пад од 2,1% во споредба со истиот месец претходната година;
- Потрошувачките цени во ноември 2019 година се намалија за 0,1% во однос на ноември 2018 година, по падот од 0,2% во октомври 2019 година;
- Во периодот јануари - ноември 2019 година извозот забележа раст од 10,0%, а увозот од 9,4%, што резултираше со зголемување на трговскиот дефицит за 7,2%, споредено со истиот период од 2018 година;
- Вкупните приходи на Буџетот во периодот јануари - ноември 2019 година изнесуваа 183.202 милиона денари, односно 26,3% од БДП, што претставува поголемо остварување за 8,1% во однос на 2018 година;
- Вкупните расходи на Буџетот во периодот јануари - ноември 2019 година изнесуваа 190.667 милиони денари, односно 27,3% од БДП, што е за 6,6% повеќе во однос на 2018 година;
- Вкупните кредити на банките во ноември 2019 година се зголемија за 6,4% во споредба со ноември 2018 година, а вкупниот депозитен потенцијал на банките оствари раст од 9,3%.

# 1. РЕАЛЕН СЕКТОР

## Индустриско производство

**Графикон 1.1:** Индустриско производство
*(стапки на раст во %)*




Извор: ДЗС.

Индустриското производство во ноември 2019 година забележа пад од 2,1% во споредба со истиот месец претходната година. Падот во ноември 2019 година се јавува како последица на намаленото производство во рударскиот сектор за 11,9% (придонес од -1,3 п.п.), како и во енергетскиот сектор за 9,6% (придонес од -1,2 п.п.). Раст е забележан единствено во секторот Преработувачка индустрија од 0,7% (придонес од 0,5 п.п.).

Раст на производството во ноември 2019 година бележат 12 од вкупно 27 индустриски гранки кои сочинуваат 39,2% од вкупната индустрија. Меѓу гранките со повисока додадена вредност, раст во ноември 2019 година е забележан кај производството на фабрикувани метални производи од 30,3% и придонес од 1,1 п.п., на моторни возила од 10,4% и придонес од 1,0 п.п., како и на електрична опрема од 9,2% и придонес од 0,4 п.п.. Од гранките со позначително учество во структурата, пад на производството во ноември 2019 година е забележан кај снабдувањето со ел. енергија, гас, пареа и климатизација од 9,6% и придонес од -1,2 п.п., кај вадењето руди на метал од 9,3% и придонес од -0,6 п.п. и кај производството на пијалаци од 14,1% и придонес од -0,6 п.п..

**Графикон 1.2:** Структура на растот на индустријата
*(придонеси во п.п.)*




Извор: ДЗС.

Падот на производството според намената на произведените единици во ноември 2019 година е главно последица на падот кај гранките Енергија од 10,7% (придонес од -1,5 п.п.) и Нетрајни производи за широка потрошувачка од 4,2% (придонес од -1,3 п.п.).

Кумулативните податоци за периодот јануари – ноември 2019 година покажуваат дека е забележан раст на индустриското производство од 4,7%, што во најголема мера се должи на растот во секторите Снабдување со ел. енергија, гас, пареа и климатизација од 20,5% (придонес од 2,5 п.п.) и Преработувачка индустрија од 3,0% (придонес од 2,3 п.п.), и во помал дел на растот во секторот Рударство и вадење камен од 0,5% (придонес од 0,1 п.п.).

**Графикон 1.3а:** Гранки со позитивен придонес во растот
*(стапки на раст во %)*




Извор: ДЗС.

Податоците од анализата по гранки укажува дека раст е забележан кај 17 од вкупно 27 гранки, кои сочинуваат 75,0% во структурата на вкупното индустриско производство. Од гранките со позначително учество во структурата, раст е забележан кај снабдувањето со ел. енергија, гас, пареа и климатизација од 20,5% и придонес од 2,5 п.п., производството на моторни возила од 11,3% и придонес од 1,1 п.п., како и кај производството на машини и уреди од 9,6% и придонес од 0,9 п.п..

**Графикон 1.3б:** Гранки со негативен придонес во растот
*(стапки на раст во %)*




Извор: ДЗС.

Кај наменските групи, растот во првите единаесет месеци од 2019 година е главно резултат на зголеменото производство во групите Енергија од 18,8% (придонес од 2,7 п.п.) и Капитални производи од 6,9% (придонес од 1,5 п.п.).

## Број на работници во индустријата

Бројот на работници во индустријата во ноември 2019 година е намален за 2,8%. Падот е предизвикан од намалувањето на бројот на работници во сите сектори, и тоа: Преработувачка индустрија и Рударство и вадење

**Графикон 1.4:** Вработеност и продуктивност во индустријата
*(стапки на раст во %)*




Извор: ДЗС; пресметки на МФ.



Министерство за финансии
Република Северна Македонија
Ул. „Даме Груев“ бр. 12, Скопје
Република Северна Македонија
+389 2 3255 597
www.finance.gov.mk

MQS
Partner of Quality Austria
Сертифициран систем според ISO 9001:2015 Бр. Q-13700/0

камен од по 2,9% и Снабдување со електрична енергија, гас, пареа и климатизација од 1,0%.

Податоците за бројот на работници во индустријата по наменски групи во ноември 2019 година во однос на истиот месец минатата година покажуваат дека зголемување на бројот на работници има единствено кај капиталните производи од 2,8%, додека пад е забележан кај нетрајните производи за широка потрошувачка од 4,7%, интермедијарните производи, освен енергија од 3,7%, трајните производи за широка потрошувачка од 3,6% и енергијата од 2,6%.

На кумулативна основа, во првите единаесет месеци од 2019 година е забележан пад на бројот на работници од 1,5%, кој се должи на падот во сите сектори, и тоа: Преработувачка индустрија од 1,6%, Рударство и вадење камен од 1,5% и Снабдување со електрична енергија, гас, пареа и климатизација од 0,4%.

Согласно податоците по наменски групи, раст во периодот јануари – ноември 2019 година е забележан единствено во групата Капитални производи од 6,9%, додека пад бележат групите: Нетрајни производи за широка потрошувачка од 4,6%, Трајни производи за широка потрошувачка од 4,3%, Енергија и Интермедијарни производи, освен енергија од по 1,3%.

## Деловни тенденции во преработувачката индустрија

Економската состојба на деловните субјекти во ноември 2019 година е поповолна споредено со октомври 2019 година, како и во однос на истиот месец претходната година.

Просечното искористување на капацитетите на деловните субјекти во ноември изнесува 70,5%, што претставува зголемување во однос на октомври 2019 година, кога изнесувало 69,7%. На годишна основа, искористеноста на капацитетите е зголемена за 1,8 п.п..

Најголемо влијание врз ограничувањето на обемот на производството во ноември имаат следните фактори: недостигот на квалификувана работна сила со 25,3%, недоволната странска побарувачка со 17,0%, недоволната домашна побарувачка со 14,0%, неизвесното економско окружување со 11,8%, финансиските проблеми со 7,6%, недостигот на суровини со 7,5% и конкурентниот увоз со 5,6%.

Состојбата на обезбеденоста на производството со порачки во ноември 2019 година во однос на претходниот месец е поповолна, очекувањата за обемот на производството во наредните три месеци се исто така поповолни споредено со октомври 2019 година, а залихите на готови производи на месечна основа се зголемени.



Министерство за финансии
Република Северна Македонија
Ул. „Даме Груев“ бр. 12, Скопје
Република Северна Македонија
+389 2 3255 597
www.finance.gov.mk
MQS
Partner of Quality Austria
Сертифициран систем според
ISO 9001:2015 Бр. Q-13700/0

## Број на издадени одобренија за градење и предвидена вредност на објектите

**Графикон 1.5:** Одобренија за градење и вредност на работите
*(број во единици; вредност во милиони денари)*




Извор: ДЗС.

**Графикон 1.6:** Структура на издадените одобренија за градење по региони




Извор: ДЗС.

Во ноември 2019 година издадени се вкупно 243 одобренија за градење и споредено со ноември 2018 година бројот на издадени одобренија за градење се намалил за 16,8%. Во однос на претходниот месец, бројот на издадени одобренија за градење се намали за 21,1%. Предвидената вредност на објектите според издадените одобренија за градење во ноември 2019 година бележи годишен пад од 16,1%. Вредноста на објектите во ноември споредено со октомври 2019 година се намалила за 34,3%.

Анализирано по видови објекти, од вкупниот број издадени одобренија за градење, 145 (или 59,7%) се наменети за објекти од високоградба, 28 (или 11,5%) за објекти од нискоградба и 70 (или 28,8%) за објекти за реконструкција.

Анализирано по типови инвеститори, од вкупно 243 издадени одобренија за градба, на 160 објекти (или 65,8%) како инвеститори се јавуваат физички лица, а на 83 објекти (или 34,2%) инвеститори се деловни субјекти.

Со издадените одобренија за градење во ноември 2019 година предвидена е изградба на 786 станови, со вкупна корисна површина од 54.775 м$^2$. Бројот на предвидени станови за изградба споредено со претходниот месец е зголемен за 39,9%, а на годишна основа бројот на предвидени станови за изградба бележи раст од 9,6%.

## Инфлација

Потрошувачките цени во ноември 2019 година се намалија за 0,1% во однос на ноември 2018 година, по падот од 0,2% во октомври 2019 година. Просечната стапка на инфлација во периодот јануари – ноември 2019 година изнесува 0,8%.

**Графикон 1.7:** Инфлација според COICOP
(*стапки на раст во %*)




Извор: ДЗС.

Во ноември 2019 година, цените во категоријата Храна и безалкохолни пијалаци, која има најголемо учество при пресметката на Индексот на трошоците на животот, се зголемија за 1,1% на годишно ниво. Највисок годишен раст на цените во ноември 2019 година е забележан во категоријата Алкохолни пијалаци, тутун и наркотици од 5,1% следена со порастот на цените во категориите: Здравје од 1,5%, Мебел, покуќнина и одржување на покуќнина од 1,1% и Рекреација и култура од 0,1%.

Годишен пад на цените во ноември 2019 година е регистриран во категориите: Транспорт од 6,8%, Облека и обувки од 2,5%, Комуникации од 1,8% и Образование од 0,3%. Цените во категориите Ресторани и хотели и Останати стоки и услуги останаа непроменети.

**Графикон 1.8:** Структура на инфлацијата според COICOP
(*придонеси во п.п.*)




Извор: ДЗС.

Потрошувачките цени во ноември 2019 година се намалија за 0,1% во однос на претходниот месец. Пад на цените на месечна основа е регистриран во категориите: Транспорт од 2,6%, Мебел, покуќнина и одржување на покуќнина од 0,7% и Рекреација и култура од 0,3%.

Раст на цените на месечно ниво е регистриран во категориите Облека и обувки од 1,1%, Храна и безалкохолни пијалаци од 0,2% и Домување, вода, електрика, гас и други горива и Здравје од по 0,1%. Цените во другите категории останаа непроменети на месечно ниво.

Цените на мало во ноември 2019 година во однос на истиот месец претходната година се намалија за 1,7%, а на месечна основа регистрираа пад од 0,6%.

## Берзански цени

Цената на суровата нафта (Brent) на светските берзи во ноември 2019 година во однос на октомври 2019 година се зголеми за 5,7% и изнесува 62,7 долари за барел.

Споредено со истиот месец од 2018 година, цената на нафтата е намалена за 3,7%. Цената на природниот гас во ноември 2019 година бележи месечен раст од 7,3%.

**Графикон 1.9:** Промена на цената на суровата нафта (Брент)
*(цена во долари/барел; стапка на раст во %)*




Извор: Светска банка; пресметки на МФ.

Што се однесува до металните производи, никелот како значаен извозен производ во ноември 2019 година се тргуваше со просечна цена од 15.172 долара за еден метрички тон ($/мт) и во однос на претходниот месец бележи пад на цената од 11,0%. На годишна основа, цената на никелот порасна за 35,0%. Покрај никелот, месечно намалување на цената во ноември 2019 година забележаа и дел од останатите основни метали. Така, цената на оловото опадна за 7,5%, на калајот за 1,6% и на цинкот за 1,1%. Цените на алуминиумот и на бакарот во ноември 2019 година во однос на октомври 2019 година се зголемија за 2,8% и 1,8%, соодветно. Во ноември, железната руда бележи пад на цената од 4,0% на месечно ниво.

**Графикон 1.10:** Берзански цени на метали
*(цени во долари/тон)*




Извор: Светска банка.

Во однос на благородните метали, цените на среброто и златото во ноември 2019 година споредено со претходниот месец бележат намалување од 2,7% и 1,6%, соодветно, а цената на платината се зголеми за 0,5%.

Цената на пченицата на светските берзи во ноември 2019 година бележи месечен раст од 1,8%, а на пченката се намали за 0,5%.

# *2. НАДВОРЕШНОТРГОВСКА РАЗМЕНА*

Вкупната надворешнотрговска размена во првите единаесет месеци од 2019 година изнесува 13.589,8 милиони евра, што претставува раст од 9,7% во однос на истиот период минатата година.

Во периодот јануари - ноември 2019 година, учеството на размената со Европската Унија (ЕУ 28), како најголем трговски партнер, е намалено за 0,6 п.п. споредено со истиот период од претходната година, и изнесува 70,5%.

## Извоз

Вредноста на извезените стоки во периодот јануари - ноември 2019 година, изнесува 5.919,6 милиони евра и бележи раст од 10,0% (540,1 милион евра) во однос на истиот период од 2018 година, а физичкиот обем на извозот бележи раст од 9,0%.

**Графикон 2.1:** Надворешна трговија
*(износи во милиони евра)*




Извор: ДЗС.

Вредноста на извезените стоки во ноември 2019 година изнесува 567,4 милиони евра и бележи раст од 3,9% (21,2 милиона евра) во однос на истиот месец претходната година, а физичкиот обем на извозот се намали за 3,4%.

Анализирано на месечно ниво, во ноември 2019 година извозот бележи раст од 0,3% (1,6 милиони евра) во однос на претходниот месец, а доколку се изврши сезонско прилагодување на извозот, истиот регистрира месечен раст од 2,4%.

Главни групи производи (според СМТК) со најголемо учество во извозот во периодот јануари - ноември 2019 година се: хемиски материи и производи, железо и челик, облека, метална руда и отпадоци од метал, пијалаци и тутун и нафта и производи од нафта. Овие шест групи производи сочинуваат 45,2% од вкупниот извоз на државата.

**Графикон 2.2:** Структура на извозот по СМТК




Извор: ДЗС.

Анализирано според економските групации на земјите, во периодот јануари - ноември 2019 година споредено со истиот период од 2018 година, извозот бележи раст кај групациите: ЕУ 28, Организација на земјите извознички на нафта и нафтени деривати, Западен Балкан, Организација за економска соработка на земји од Азиско-пацифичкиот регион и Заедница на независни држави, додека пад има кај групациите ЕФТА и Северноамериканска зона на слободна трговија. Извозот во ЕУ 28 бележи раст од 8,3% на годишно ниво, а кај земјите од Западен Балкан раст од 15,4%, при што извозот на стоки во ЕУ 28 и земјите од Западен

Балкан во вкупниот извоз на Република Северна Македонија учествува со 81,0% и 11,4% соодветно.

## Увоз

Вредноста на увезените стоки во периодот јануари - ноември 2019 година изнесува 7.670,2 милиона евра и бележи раст од 9,4% (658,2 милиона евра) во однос на истиот период од 2018 година, а физичкиот обем на увозот бележи раст од 14,3%.

Вредноста на увозот во ноември 2019 година изнесува 750,6 милиони евра, што претставува раст од 5,8% (41,3 милиони евра) во однос на истиот месец 2018 година, а увезените количини стоки се зголемени за 41,6%.

Анализирано на месечно ниво, во ноември 2019 година увозот бележи пад од 2,2% (16,9 милиони евра) во однос на претходниот месец, а доколку се изврши сезонско прилагодување на увозот, истиот регистрира месечен пад од 0,5%.

**Графикон 2.3:** Структура на извозот по економска намена
*(учества во %)*




Извор: ДЗС; пресметки на МФ.

**Графикон 2.4:** Структура на увозот по економска намена
*(учества во %)*




Извор: ДЗС; пресметки на МФ.

Табела 2.1. Преглед на извозот и увозот на селектирани групи производи

| Извоз на хемиски производи*) | | | | |
|---|---|---|---|---|
| | I - XI - 2018 | I - XI - 2019 | Салдо | Стапки во% |
| .000 Т | 27,3 | 51,7 | 24,4 | 89,3 |
| Мил. ЕУР | 1.122,4 | 1.226,9 | 104,6 | 9,3 |
| Мил.$ | 1.325,4 | 1.374,2 | 48,8 | 3,7 |

| Увоз на хемиски производи*) | | | | |
|---|---|---|---|---|
| | I - XI - 2018 | I - XI - 2019 | Салдо | Стапки во% |
| .000 Т | 30,7 | 37,1 | 6,4 | 20,8 |
| Мил. ЕУР | 195,3 | 201,4 | 6,0 | 3,1 |
| Мил.$ | 231,3 | 225,5 | -5,8 | -2,5 |

*)Претходни податоци

| Извоз на железо и челик *) | | | | |
|---|---|---|---|---|
| | I - XI - 2018 | I - XI - 2019 | Салдо | Стапки во% |
| .000 Т | 721,2 | 690,6 | -30,6 | -4,2 |
| Мил. ЕУР | 503,3 | 541,5 | 38,2 | 7,6 |
| Мил.$ | 593,9 | 606,0 | 12,1 | 2,0 |

| Увоз на железо и челик*) | | | | |
|---|---|---|---|---|
| | I - XI - 2018 | I - XI - 2019 | Салдо | Стапки во% |
| .000 Т | 753,5 | 771,6 | 18,1 | 2,4 |
| Мил. ЕУР | 415,1 | 398,4 | -16,8 | -4,0 |
| Мил.$ | 492,7 | 446,3 | -46,4 | -9,4 |

*)Претходни податоци



Министерство за финансии
Република Северна Македонија
Ул. „Даме Груев“ бр. 12, Скопје
Република Северна Македонија
+389 2 3255 597
www.finance.gov.mk
MQS Partner of Quality Austria
Сертифициран систем според ISO 9001:2015 Бр. Q-13700/0

| Извоз на електрични машини и делови *) | | | | |
|---|---|---|---|---|
| | I - XI - 2018 | I - XI - 2019 | Салдо | Стапки во% |
| .000 Т | 65,9 | 72,5 | 6,6 | 10,0 |
| Мил. ЕУР | 775,9 | 890,5 | 114,6 | 14,8 |
| Мил.$ | 917,3 | 996,9 | 79,6 | 8,7 |

| Увоз на електрични машини и делови *) | | | | |
|---|---|---|---|---|
| | I - XI - 2018 | I - XI - 2019 | Салдо | Стапки во% |
| .000 Т | 57,3 | 65,4 | 8,1 | 14,1 |
| Мил. ЕУР | 657,2 | 697,0 | 39,8 | 6,1 |
| Мил.$ | 778,0 | 780,4 | 2,4 | 0,3 |

*)Претходни податоци

## Салдо на трговска размена

Во периодот јануари - ноември 2019 година, трговскиот дефицит се зголеми за 7,2% односно 118,2 милиона евра споредено со истиот период минатата година.

Во ноември 2019 година, трговскиот дефицит се зголеми за 12,3% односно 20,1 милион евра споредено со ноември 2018 година.

**Графикон 2.5:** Надворешно-трговска размена
*(износи во милиони евра)*




Извор: ДЗС.

Доколку салдото на извозот и увозот на стоки го анализираме по економска намена, зголемувањето на дефицитот е резултат од проширувањето на негативното салдо во размената со индустриски набавки, горива и мазива и стоки за широка потрошувачка. Од друга страна, кон намалување на дефицитот дејствуваше намалувањето на негативното салдо во размената со стоки за инвестиции без транспортна опрема и храна и пијалаци, како и зголемувањето на позитивното салдо во размената со транспортна опрема.

Во периодот јануари - ноември 2019 година, 88,4% од трговскиот дефицит на земјата е остварен во размената со Велика Британија, Грција и Србија, а потоа следуваат: Кина, Турција, Италија, САД, Јужна Африка, Полска и други. Суфицит е остварен во размената со Германија, Косово, Белгија и Шпанија.

## Валутна структура

Гледано по валутна структура, 85,7% од трговската размена во периодот јануари - ноември 2019 година е реализирана во евра, што во однос на истиот период од 2018 година претставува намалување за 1,8 п.п.. На страната на извозот и увозот, еврото е застапено со 92,5% и 80,6%, соодветно, при што застапеноста на еврото кај извозот е намалена за 0,8 п.п., додека кај увозот е намалена за 2,5 п.п. во однос на периодот јануари - ноември 2018 година.

Табела 2.2 Надворешно трговска размена на Република Северна Македонија (по валути); пресметки на МФ

| увоз | I - XI - 2018 | | | | | I - XI - 2019 | | | | | апсолутна промена во валутна вредност | релативна промена во валутна вредност (во%) |
|---|---|---|---|---|---|---|---|---|---|---|---|---|
| валута | колич. 000 t | увоз во валута | просечен курс на денарот во однос на валутите | увоз во денари | структ. во% | колич. 000 т | увоз во валута | просечен курс на денарот во однос на валутите | увоз во денари | структ. во% | | |
| ЕУР | 4.140,0 | 5.825.672.782 | 61,5127 | 358.352.862.139 | 83,1 | 4.409,5 | 6.178.449.403 | 61,5044 | 380.001.823.492 | 80,6 | 352.776.621 | 6,1 |
| УСД | 1.662,1 | 1.324.333.106 | 51,9443 | 68.791.556.141 | 15,9 | 2.222,5 | 1.586.194.585 | 54,9092 | 87.096.675.703 | 18,5 | 261.861.479 | 19,8 |
| ГБП | 5,2 | 25.917.980 | 69,6188 | 1.804.378.661 | 0,4 | 4,1 | 23.935.769 | 69,8876 | 1.672.813.443 | 0,4 | -1.982.211 | -7,6 |
| ЕУР+УСД+ГБП | 5.807,3 | | | 428.948.796.941 | 99,0 | 6.636,1 | | | 468.771.312.638 | 99,4 | | |
| вк извоз: | 5.823,2 | | | 431.321.898.710 | 100,0 | 6.653,2 | | | 471.749.075.480 | 100,0 | | 9,4 |

Извор: Државен завод за статистика и НБРСМ

# *3. ФИСКАЛЕН СЕКТОР*

## Буџетски приходи според економската класификација

Вкупните приходи на Буџетот во периодот јануари - ноември 2019 година изнесуваа 183.202 милиона денари, односно 26,3% од БДП, што претставува поголемо остварување за 8,2% во однос на 2018 година.

Даночните приходи во наведениот период се реализирани во износ од 104.415 милиони денари и во однос на истиот период претходната година се зголемени за 3,0%.

**Графикон 3.1:** Приходи по категории
*(износи во милиони денари)*




Извор: МФ.

Данокот на додадена вредност е остварен во износ од 47.214 милиони денари, што претставува зголемување од 5,3% во однос на минатата година, со доминантно учество во вкупните даночни приходи од 45,2%. Притоа, ДДВ е наплатен во бруто-износ од 71.180 милиони денари, од кои на даночните обврзници им е извршен поврат во износ од 23.965 милиони денари (бруто-наплатата е повисока за 5,2%, додека повратот по основ на ДДВ е повисок за 5,0% споредено со истиот период од 2018 година). Во структурата на ДДВ најголемо е учеството на ДДВ од увоз кој забележува поголемо остварување за 5,1%, додека ДДВ од прометот во земјата забележа зголемување од 5,5%.

Акцизите се остварени во износ од 24.077 милиони денари (учество од 23,1% во даночните приходи), што претставува зголемување од 4,0% во споредба со 2018 година. Така, од овие два индиректни данока вкупно се остварени приходи од

71.291 милион денари, што претставува 68,3%, односно повеќе од 2/3 од вкупните даночни приходи во овој период.

Приходите од данокот на личен доход се остварени во износ од 16.398 милиони денари и забележуваат раст од 13,9% на годишна основа, при што 64,0% од персоналниот данок претставува приходот од данокот на личен доход и други лични примања, 7,5% од приходи од капитал, 7,0% од приходи по основ на договор на дело, 8,0% од приходи од игри на среќа и наградни игри и 5,3% од приходи од имот и имотни права.

Приходите од данокот на добивка во овие единаесет месеци изнесуваа 10.657 милиони денари и забележаа помало остварување за 20,0% во однос на истиот период претходната година, но затоа пак има пораст на данокот наплатен по основ на дивиденди и други распределби за 44,0%, додека намалување се забележува кај месечни аконтации од 11,5%, по даночни биланси (од 31,8%) и кај задржаниот данок за странски правни лица (од 59,1%).

Приходите од царина се остварени во износ од 5.458 милиони денари и забележаа зголемување од 6,9%. Приходите од други даноци со остварен износ од 611 милиони денари забележаа зголемено остварување за 23,4% во однос на минатата година.

Социјалните придонеси од плата се остварени во износ од 55.707 милиони денари, што претставува поголемо остварување за 9,6% споредено со истиот период од 2018 година, при што наплатата кај придонесите за пензиско и инвалидско осигурување е повисока за 9,9%, кај придонесите за здравствено осигурување за 8,9% и кај придонесите за вработување за 7,8%.

Неданочните приходи се остварени во износ од 16.449 милиони денари и во однос на анализираниот период од 2018 година забележаа поголемо остварување за 49,7% (во овие приходи се приходите од профит од јавни институции, административни такси и глоби, концесии и др.).

Капиталните приходи реализирани по основ на продажба на градежно земјиште, станови и дивиденди, се остварија во износ од 1.655 милиони денари, што е намалување од 18,6% во однос на минатата година.

Приходите од странски донации од меѓународна и билатерална соработка се остварија во износ од 3.487 милиони денари и се зголемени за 36,6% во однос на истиот период лани.

## Приходи по буџетски корисници

Буџетските приходи, односно приливот на средства во Централниот буџет, се остваруваат главно преку Министерството за финансии – функции на државата[1] и

[1] Во рамките на разделот *функции на држава* опфатени се следниве активности: навремено сервисирање на обврските (отплата на камата и главнина) на државата по основ на домашно и странско задолжување; редовна

во периодот јануари - ноември 2019 година изнесуваат 136.658 милиони денари, односно 92,1% од приходите на сите буџетски корисници, а претставуваат 85,5% од годишниот план на овој буџетски корисник.

**Графикон 3.2:** Структура на приходите на Министерството за финансии – функции на државата




Извор: МФ.

Во рамки на разделот Министерството за финансии – функции на државата преовладуваат даночните приходи кои претставуваат 75,5% од вкупните приходи и приливи, при што нивната наплата во анализираниот период изнесува 86,8% од годишниот план. Приливот на средства по основ на домашно задолжување за овој период изнесува 17.206 милиони денари, што претставува 12,6% од вкупниот износ на овој буџетски корисник.

Министерството за образование и наука оствари приходи во износ од 3.287 милиони денари, односно 2,2% од приходите и приливот на средства на сите буџетски корисници и најголемиот дел од тој износ (71,6%) претставуваат неданочни приходи, главно по основ на такси и надоместоци.

Министерството за транспорт и врски како буџетски корисник оствари приходи во износ од 2.062 милиона денари, што претставува 1,4% од приходите и приливот на средства на сите буџетски корисници, при што речиси сите приходи се по основ на задолжување во странство, за што се реализирани 67,5% од предвидените.

Останатите буџетски корисници збирно имаат остварено 4,3% од вкупните приходи и приливи. Деталните податоци за секој буџетски корисник се прикажани во статистичкиот прилог на следниот линк *(http://finance.gov.mk/mk/node/693)*.

Во однос на буџетските фондови, Фондот на пензиското и инвалидското осигурување на Северна Македонија во периодот јануари - ноември 2019 година оствари приходи во износ од 68.453 милиони денари, што претставува 93,3% од годишниот план на Фондот. Фондот за здравствено осигурување на Северна Македонија во овој период има остварено приходи во износ од 28.686 милиони денари, односно 91,2% од годишниот план на Фондот. Агенцијата за вработување на Република Северна Македонија во периодот јануари - ноември остварила

исплата на оперативните трошоци на државата по претходно доставена документација за исплата; учество во капиталот на меѓународни финансиски институции; плаќање ДДВ по основ на капитални инвестиции финансирани од донации, финансирање на проектите од поодделните компоненти од ИПА (национално кофинансирање и ИПА средствата од ЕУ). Исто така, во рамките на овој раздел, а согласно со Законот за буџетите на Република Северна Македонија и Законот за извршување на Буџетот, предвидени се средства за покривање елементарни непогоди и средства за финансирање на непредвидените расходи во текот на фискалната година.

приходи во висина од 2.365 милиони денари, што претставува 71,7% од годишниот план.

## Буџетски расходи според економската класификација

Вкупните расходи на Буџетот во периодот јануари - ноември 2019 година изнесуваа 190.667 милиони денари, односно 27,3% од БДП, што е за 6,6% повеќе во однос на 2018 година.

Во структурата на реализираните вкупни расходи, тековните расходи во износ од 179.535 милиони денари учествуваа со 25,7% и се зголемени за 5,5% во однос на 2018 година.

Платите и надоместоците се реализирани во износ од 25.306 милиони денари што претставува зголемување за 5,0% во однос на претходната година, а нивното структурно учество во вкупните расходи на Буџетот изнесува 13,3%.

Расходите за стоки и услуги изнесуваа 13.657 милиони денари и споредено со 2018 година забележаа зголемување од 10,3%.

**Графикон 3.3:** Расходи по категории
*(износи во милиони денари)*




Извор: МФ.

Доминантно учество во тековните расходни ставки имаа трансферите кои изнесуваа 132.744 милиони денари. Средствата за трансфери забележаа поголема реализација за 5,1% споредено со јануари - ноември 2018 година и истите учествуваа со повеќе од 2/3, односно 69,6% во вкупните расходи.

Средствата за социјални трансфери изнесуваа 98.432 милиона денари, забележаа раст од 7,2% и учествуваа со 51,6% во вкупните расходи. Трансферите кон Фондот на пензиското и инвалидското осигурување, кои зафаќаат најголем дел од социјалните трансфери, се реализирани во износ од 59.750 милиони денари, што е зголемување за 6,7% споредено со 2018 година и учествуваат со 31,3% во вкупните расходи. Учеството на категоријата други трансфери, кои ги вклучуваат трансферите кон единиците на локалната самоуправа, во вкупните расходи изнесува 17,2%, односно забележаа помала реализација за 1,1%, а се реализирани во износ од 32.708 милиони денари. Блок дотациите кон единиците за локална самоуправа во износ од 15.397 милиони денари забележаа зголемување од 6,1%, во споредба со претходната година. Субвенциите и трансферите изнесуваа 15.264 милиони денари што е намалување од 7,8% споредено со минатата година.

Каматните расходи изнесуваат 7.828 милиони денари, што е за 6,3% повеќе во споредба со 2018 година. Расходите за камати од домашно задолжување се намалени за 9,0%, додека каматите од странско задолжување се зголемени за 14,9%. Во анализираниот период, средствата за капитални расходи се реализирани во износ од 11.132 милиона денари со структурно учество од 5,8% во вкупните расходи, односно забележаа повисока реализација за 28,2% во споредба со 2018 година.

## Расходи по буџетски корисници

Во продолжение е даден осврт на буџетските расходи за најголемите буџетски корисници, чиј вкупен годишен буџет изнесува 82,5% од вкупниот буџет на сите буџетски корисници.

**Графикон 3.4:** Структура на расходите по буџетски корисници и раздели




Извор: МФ.

Министерството за труд и социјална политика во периодот јануари - ноември 2019 година реализираше 40.002 милиона денари или 89,9% од вкупниот буџет за тековната година. Притоа, најголем дел (70,0%) од расходите во овој период се наменети за тековни трансфери до вонбуџетските фондови, за што се потрошени 28.020 милиони денари или 92,0% од средствата наменети за 2019 година. Втора најзначајна расходна ставка се социјалните бенефиции, кои учествуваат со 21,3% во вкупните расходи. За оваа намена реализирани се 89,0% (8.514 милиони денари) од планираните за 2019 година.

Во првите единаесет месеци од 2019 година, преку разделот Министерство за финансии – функции на држава[2] реализирани се 27.996 милиони денари, што претставува 88,2% од годишниот буџет. Најголем дел од расходите или 53,1% отпаѓаат на отплата на главнина, за што се потрошени 14.860 милиони денари, односно 92,1% од средствата планирани за оваа намена во 2019 година. По основ на каматни плаќања отпаѓаат 27,9% од вкупните расходи, за што се реализирани 7.820 милиони денари или 94,9% од планираното.

[2] Во рамките на разделот *функции на држава* опфатени се следниве активности: навремено сервисирање на обврските (отплата на камата и главнина) на државата по основ на домашно и странско задолжување; редовна исплата на оперативните трошоци на државата по претходно доставена документација за исплата; учество во капиталот на меѓународни финансиски институции; плаќање ДДВ по основ на капитални инвестиции финансирани од донации, финансирање на проектите од поодделните компоненти од ИПА (национално кофинансирање и ИПА средствата од ЕУ). Исто така, во рамките на овој раздел, а согласно со Законот за буџетите на Република Северна Македонија и Законот за извршување на Буџетот, предвидени се средства за покривање елементарни непогоди и средства за финансирање на непредвидените расходи во текот на фискалната година.

Министерството за образование и наука во периодот јануари - ноември 2019 година изврши буџетски средства во износ од 20.875 милиони денари, што е 81,8% од вкупниот буџет за 2019 година. Најголем дел од расходите (63,0%) претставуваат тековни трансфери до ЕЛС, за што се потрошени 13.160 милиони денари или 91,0% од вкупно планираните средства. Плати и надоместоци се втора најзначајна ставка со учество од 15,1%, за што се потрошени 3.154 милиони денари, односно 87,7% од вкупно предвидените средства за тековната година. Стоките и услугите учествуваат со 12,2% во вкупните расходи, за што во анализираниот период се потрошени 2.537 милиони денари, односно 61,3% од вкупно предвидените.

Во првите единаесет месеци од 2019 година од страна на Министерството за внатрешни работи реализирани се вкупно 9.810 милиони денари, што претставува 87,7% од сопствениот буџет за 2019 година. Најзначајна расходна ставка претставуваат плати и надоместоци со учество од 72,8%, за што се потрошени 7.140 милиони денари или 91,4% од планираното. Втора најзначајна ставка се стоки и услуги со учество од 17,8%, за што се реализирани 1.746 милиони денари или 83,8% од годишниот план.

Агенцијата за финансиска поддршка во земјоделството и руралниот развој (АФПЗРР) реализираше средства во износ од 7.442 милиона денари, што претставува 89,5% од планираните средства за тековната година. За субвенции и трансфери, кои учествуваат со 91,1% во вкупните расходи, реализирани се 90,8% од планираните средства.

Министерството за одбрана во анализираниот период изврши буџетски средства во износ од 6.034 милиони денари, што е 75,3% од вкупниот буџет за 2019 година. Платите и надоместоците имаат најголемо учество со 58,8%, за што се реализирани 3.549 милиони денари, што претставува 91,0% од вкупно предвидените средства за тековната година. Стоките и услугите учествуваат со 21,4% во вкупните расходи, за што во анализираниот период се потрошени 1.291 милион денари, односно 73,0% од вкупно предвидените.

Владата на Република Северна Македонија реализираше 2.266 милиони денари, односно 34,7% од планираните за 2019 година. Притоа, субвенциите и трансферите изнесуваа 1.456 милиони денари (реализација од 53,1%) и учествуваа со 64,3% во вкупните расходи.

Министерството за здравство во периодот јануари - ноември 2019 година реализираше буџетски средства во износ од 5.063 милиони денари, што е 79,9% од вкупниот буџет за 2019 година. Тековните трансфери до вонбуџетските фондови имаат најголемо учество во расходите со 55,6%, за што се потрошени 2.815 милиони денари или 92,2% од средствата наменети за тековната година. Стоките и услугите се втора најзначајна ставка со учество од 35,9% во вкупните расходи, а во



Министерство за финансии
Република Северна Македонија
Ул. „Даме Груев“ бр. 12, Скопје
Република Северна Македонија
+389 2 3255 597
www.finance.gov.mk
MQS
Partner of Quality Austria
Сертифициран систем според
ISO 9001:2015 Бр. Q-13700/0

анализираниот период за оваа намена потрошени се 1.819 милиони денари, односно 71,9% од вкупно предвидените.

Министерството за транспорт и врски во разгледуваниот период реализираше средства во износ од 3.757 милиони денари, што е 73,0% од вкупниот буџет за тековната година. Реализацијата на капиталните расходи изнесува 69,3% од предвиденото (2.742 милиона денари), а учествуваат со 73,0% во вкупните расходи на овој буџетски корисник. Субвенциите и трансферите во вкупниот буџет на овој корисник имаат учество од 22,7% и за оваа намена извршени се средства во износ од 853 милиони денари, односно 91,4% од планираното.

Деталните податоци за секој буџетски корисник се прикажани во статистичкиот прилог на следниот линк *(http://finance.gov.mk/mk/node/693)*.

## Буџетско салдо

Во периодот јануари - ноември 2019 година е остварен дефицит во Буџетот на Република Северна Македонија од 7.465 милиони денари, што претставува 1,1% од БДП, додека дефицитот на Централниот буџет е остварен во износ од 8.990 милиони денари и претставува 1,3% од БДП.

# *4. СОЦИЈАЛЕН СЕКТОР*

## Новвработени и регистрирани невработени лица во АВРСМ

Во периодот јануари – ноември 2019 година во Агенцијата за вработување на Република Северна Македонија регистрирани се вкупно 184.922 нови засновани работни односи. Вкупниот број новвработени во овој период е понизок за 2,2% во однос на истиот период од 2018 година.

Од вкупниот број новвработени, 43,3% се вработени на неопределено време, додека останатиот дел се вработени на определено време и за вршење сезонски работи. Од вкупниот број засновани нови работни односи во ноември 2019 година 17,8% се од евиденцијата на невработени.

**Графикон 4.1:** Преглед на невработени лица
*(износи во единици)*




Извор: АВРСМ.

Вкупниот број невработени лица

во ноември 2019 година изнесува 189.165, од кои 101.819 се активни баратели на работа, а 87.346 се останати невработени лица. Во однос на истиот месец претходната година, вкупниот број невработени лица е зголемен за 4,1%.

Најголем дел од активните невработени лица (63,3%) се градско население, а според половата структура 51,3% се мажи. Според степенот на образование, поголемиот дел, односно 64,9% од невработените се со непотполно средно образование или помалку, 24,2% се со завршено средно образование, додека 10,8% имаат вишо или повисоко ниво на образование.

**Графикон 4.2:** Преглед на нови вработувања
*(износи во единици)*




Извор: АВРСМ.

По возрасни групи, најголемиот дел или 48,2% од невработените припаѓаат на возрасната група 25 - 49 години. Според времето на чекање на вработување, 46,4% од невработените лица чекаат вработување од 1 до 7 години, додека 6,6% чекаат 8 и повеќе години.

## Плати

Просечната номинална нето-плата во октомври 2019 година оствари годишен раст од 3,7%, а во однос на претходниот месец е повисока за 1,1%. Најголем раст на просечната нето-плата се забележува во следните сектори: Транспорт и складирање (8,7%), Дејности на здравствена и социјална заштита (7,4%) и Уметност, забава и рекреација (6,7%). Реалните плати во октомври забележаа годишен раст од 3,8%.

**Графикон 4.3:** Просечна нето-плата
*(стапки на раст во %)*




Извор: ДЗС.

**Графикон 4.4:** Просечна нето-плата по сектори
*(стапки на раст во %)*




Извор: ДЗС.

Просечната номинална бруто-плата во октомври 2019 година оствари годишен раст од 4,8%, а во

однос на претходниот месец е повисока за 1,1%. Најистакнат раст на просечната бруто-плата се забележува во следните сектори: Транспорт и складирање (10,2%), Уметност, забава и рекреација (9,0%) и Дејности на здравствена и социјална заштита (8,9%). Реалната бруто-плата забележа годишен раст од 5,0%.

## Пензии

Во ноември 2019 година во Фондот на пензиското и инвалидското осигурување евидентирани се 320.639 пензионери, што претставува зголемување од 2,5% во однос на истиот месец минатата година. На месечно ниво, бројот на корисници на пензија е повисок за 1.111 лица. Од вкупниот број пензионери, 65,8% се корисници на старосна пензија, 23,5% се корисници на семејна пензија и 10,7% се корисници на инвалидска пензија.

Просечната пензија во ноември 2019 година изнесува 14.549 денари и е за 0,9% повисока во однос на истиот месец минатата година[3]. Соодносот на просечната пензија со просечната исплатена плата во октомври 2019 година (последни расположливи податоци) изнесува 56,5%.

**Графикон 4.5:** Корисници на пензии и просечна пензија
*(корисници во единици; просечна пензија во денари)*




Извор: ФПИОСМ.

Просечната старосна пензија во ноември изнесува 15.821 денар, просечната инвалидска пензија изнесува 13.147 денари, а просечната семејна пензија 11.617 денари. За исплата на пензиите во ноември 2019 година се потрошени 4.585 милиони денари, што претставува 50,0% од вкупните социјални трансфери.

# *5. МОНЕТАРЕН И ФИНАНСИСКИ СЕКТОР*

Во ноември 2019 година, Народна банка на Република Северна Македонија ја задржа основната каматна стапка на 2,25%, откако во март ја намали за 0,25 п.п. како резултат на задржаниот континуитет на поволни движења на девизниот пазар, што упатува на отсуство на притисоци во надворешниот сектор и стабилни согледувања на домашните субјекти, како и отсуство на ценовни притисоци. Каматната стапка на расположливите депозити на 7 дена остана непроменета во однос на минатиот месец и изнесува 0,3%.

[3] При пресметката на просечната пензија не се вклучени воените и земјоделските пензии.

## Примарни пари

Во ноември 2019 година, примарните пари[4] регистрираа раст од 8,2%. Ваквиот раст на примарните пари се должи на зголемувањето на готовите пари во оптег за 9,7%, како и растот на вкупните ликвидни средства на банките за 6,4%.

**Графикон 5.1:** Валутна структура на депозити и кредити
( ноември 2019 година)




Извор: НБРСМ.

На месечно ниво, примарните пари се намалија за 21,1%. Ваквото намалување се должи на падот на вкупните ликвидни средства на банките за 37,3%, а готовите пари во оптек регистрираа намалување за 0,6%.

## Депозитен потенцијал[5]

Вкупните депозити на банките во ноември 2019 година регистрираа раст од 0,3% на месечно ниво. Секторската анализа укажува дека споредено со претходниот месец, депозитите на приватните претпријатија и домаќинствата регистрираа раст од 1,8% и 0,6%, соодветно.

Од аспект на валутата, во ноември 2019 година споредено со претходниот месец депозитите во домашна валута се зголемија за 0,2%, како и депозитите во странска валута кои регистрираа раст од 0,5%.

**Графикон 5.2:** Депозити и кредити
*(стапки на раст во %)*




Извор: НБРСМ.

Вкупниот депозитен потенцијал во ноември 2019 година оствари раст од 9,3% на годишна основа. Анализирано според валутата, депозитите во домашна валута и депозитите во странска валута се зголемија за 11,9% и 5,6%, соодветно.

---

4 Примарните пари се пресметани како збир од готовите пари во оптек (вклучително и готовината во благајна), задолжителната резерва во денари и во девизи и вишокот ликвидни средства над обврската за задолжителна резерва (во денари).

5 НБРСМ ги објави податоците од монетарната статистика, статистиката на останатите финансиски институции и статистиката на каматните стапки, по нова методологија. Методолошките промени се направени заради усогласување со препораките од новообјавениот Прирачник и упатство за монетарната и финансиската статистика на ММФ од 2016 година (MFSMCG – IMF, 2016) и Техничката мисија на ММФ од областа на монетарната и финансиската статистика во НБРСМ од 2015 година.

Од аспект на секторот, на годишно ниво овој месец депозитите на претпријатијата и депозитите на домаќинствата бележат раст од 9,8% и 9,1%, соодветно.

Според рочноста, на годишно ниво краткорочните депозити се зголемија за 3,1%, а долгорочните депозити за 8,5%.

Валутната структура на депозитите и понатаму останува стабилна, при што учеството на депозитите во домашна валута доминира во депозитната база и изнесува 60,2%.

Табела 5.1. Депозитен потенцијал и кредити на приватен сектор;

| **Депозитен потенцијал и кредити на приватен сектор (ноември 2019 година)** | **Во милиони денари** | **Месечна промена** | **Годишна промена** |
|---|---|---|---|
| | | | |
| **Депозитен потенцијал** | ***397.333*** | **0,3%** | **9,3%** |
| Според валута: | | | |
| *Денари* | *239.168* | *0,2%* | *11,9%* |
| *Странска валута* | *158.165* | *0,5%* | *5,6%* |
| Според рочност: | | | |
| *Краткорочни* | *168.500* | *-0,4%* | *3,1%* |
| *Долгорочни* | *110.572* | *0,4%* | *8,5%* |
| | | | |
| **Кредити на приватен сектор** | ***335.142*** | **1,0%** | **6,4%** |
| Според валута: | | | |
| *Денари* | *196.298* | *1,2%* | *5,9%* |
| *Странска валута* | *138.844* | *0,7%* | *7,1%* |
| Според рочност: | | | |
| *Краткорочни* | *57.382* | *1,1%* | *-0,5%* |
| *Долгорочни* | *259.402* | *1,1%* | *8,8%* |
| *Сомнителни и спорни побарувања* | *15.685* | *-0,2%* | *-1,5%* |

Извор: НБРСМ

## Кредити на банките

Во ноември 2019 година, вкупните кредити на банките кон приватниот сектор се зголемија за 1,0% во споредба со минатиот месец. Секторската анализа укажува дека кредитите кон претпријатијата се зголемија за 1,1%, а кредитите кон домаќинствата регистрираа раст од 0,9%. Од аспект на валутата, во ноември 2019 година, на месечно ниво денарските и девизните кредити се зголемија за 1,2% и 0,7%, соодветно.

На годишна основа, во ноември 2019 година вкупните кредити се зголемија за 6,4%, во услови на раст на кредитите на домаќинствата од 10,1% и раст на кредитите кон

претпријатијата од 2,9%. Кредитите во домашна валута се зголемија за 5,9%, а кредитите во странска валута за 7,1%.

Од аспект на рочноста, долгорочните кредити бележат годишен раст од 8,8%, а краткорочните кредити се намалија за 0,5%.

## Каматни стапки на депозитни банки

Во ноември 2019 година, вкупната каматна стапка на кредитите се намали за 0,05 п.п. во споредба со претходниот месец и изнесува 5,0%. Каматната стапка на денарските кредити се намали за 0,07 п.п. и изнесува 5,44%, додека каматната стапка на девизните кредити се намали за 0,03 п.п. и изнесува 4,49%.

**Графикон 5.3:** Каматни стапки на депозити и кредити
*(во %)*




Извор: НБРСМ.

Вкупната каматна стапка на депозитите во ноември 2019 година изнесува 1,28% и е непроменета во однос на минатиот месец. Каматните стапки на денарските и девизните депозити на месечно ниво се зголемија за по 0,01 п.п. во однос на минатиот месец и изнесуваат 1,74% и 0,76%, соодветно

## Пазар на капитал

На пазарот на капитал, во ноември 2019 година вкупниот промет на берзата регистрираше пад од 2,4% на месечно ниво како резултат на намалувањето на прометот од блок трансакциите за 4,8% и падот на прометот од класичното тргување за 0,4%.

**Графикон 5.4:** Вкупен промет на берза и движење на МБИ 10
*(промет во милиони денари; МБИ 10 во индексни поени)*




Извор: МБ.

Вкупниот промет на берзата во ноември 2019 година изнесуваше 664,9 милиони денари и истиот е зголемен за 86,7% на годишно ниво. Македонскиот берзански индекс МБИ-10 на крајот на ноември 2019 година изнесуваше 4.468,50 индексни поени, при што на месечно ниво индексот е зголемен за 4,6%, а во однос на истиот месец претходната година е зголемен за 28,8%.

## Девизни резерви

Бруто-девизните резерви на крајот на ноември 2019 година изнесуваа 3241.46 милиони евра и во однос на претходниот месец се намалија за 0,8%, а во однос на ноември 2018 година се зголемија за 17,0%.



Министерство за финансии
Република Северна Македонија
Ул. „Даме Груев“ бр. 12, Скопје
Република Северна Македонија
+389 2 3255 597
www.finance.gov.mk

MQS
Partner of Quality Austria
Сертифициран систем според
ISO 9001:2015 бр. Q-13700/0